Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 106, 12 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност на редовен професор Бисерка Цвејиќ на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област вентилација и техничка заштита на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област физиологија на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 23

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 39

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на неслоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област градинарство/зеленчук на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област применета математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон“ од авторите проф. д-р Ристо Фотов, проф. д-р Толе Белчев, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Елена Веселинова при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 85

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 89

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „НЕГА НА ТЕКСТИЛ“ ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ Д-Р КИРО МОЈСОВ ОД ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр.2802-61/8 од петтата редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 19.6.2013 година, избрани сме за рецензенти за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис **„НЕГА НА ТЕКСТИЛ“** од **доц. д-р Киро Мојсов**, наменет за студентите од прв циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата со наслов **„НЕГА НА ТЕКСТИЛ“** е наменета главно за студентите од прв циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет да може да добијат солидни познавања за нега на текстил и облека. Скриптата е приспособена според Наставната програма за предметот Нега на текстил, а исто така може да ги задоволи и потребите на сите студенти кои имаат потреба од подетални знаења неопходни за развој на сите подрачја на нега на текстил. Предметот Нега на текстил се слуша во VI семестар, Текстилно инженерство, со седмичен фонд од 2+1+1, два часа предавање и еден час вежби, со 4 кредити и во VII семестар, Текстил дизајн и менаџмент, со седмичен фонд од 2+1+1, два часа предавање и еден час вежби, со 4 кредити.

Скриптата „Нега на текстил“ се состои од дванаесет тематски целини: 1. Текстил; 2. Историски развој на процесите на нега на текстилот; 3. Меѓународни симболи за нега на текстилните материјали по ISO и GINETEX; 4. Нечистотии и нивно отстранување; 5. Соодветна нега на текстилот; 6. Процес на хемиско чистење; 7. Прочистување на растворувачот во хемиското чистење; 8. Процес на влажно чистење; 9. Оштетувања во текот на влажно чистење; 10. Технолошки процес на влажно чистење на кожна облека; 11. Еколошки аспекти на процесот на хемиско чистење и 12. Еколошки аспекти на процесот на влажно чистење.

Скриптата содржи 118 страници текст, поделен на 41 методски целини, напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, со македонска поддршка, големина 12. Текстот содржи табели (17), слики (26), хемиски формули и реакции, каде што е обработен материјал за стекнување на една добра основа од областа на нега на текстил и облека и надградување во таа насока.

Предложениот материјал соодветствува на студиската програма и на предвидениот седмичен фонд на часови од 2 (два) часа или вкупно 24 (дваесет и четири) часови во семестар.

Јазикот на кошто е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни. Употребените имиња на хемиските формули се во склад со Меѓународната женевска номенклатура.

Според наши сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, што одговара на предвидената Наставна програма по предметот Нега на текстил на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавена.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за е-скрипта по предметот Нега на текстил е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Технолошко-техничкиот факултет. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му ја препорачуваме е-скриптата со наслов **„НЕГА НА ТЕКСТИЛ“ од авторот доц. д-р Киро Мојсов да ја прифати како РЕЦЕНЗИРАНА Е-СКРИПТА.**

Штип, 25.6.2013 г.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Димко Димески**
**Технолошко-технички факултет**
**Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, с.р.**
**Доц. д-р Ацо Јаневски**
**Технолошко-технички факултет**
**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.**